НВО ИНФОЦЕНТАР

Мониторинг на медиумите во Република Македонија

**ИЗВЕШТАЈ БР. 1 - 2013**

# МЕДИУМСКО ОГЛЕДАЛО

## НАТАМОШНО ВЛОШУВАЊЕ НА СЛОБОДАТА НА МЕДИУМИТЕ И НА СЛОБОДАТА НА ИЗРАЗУВАЊЕ

**ФЕВРУАРИ 2013**

Програмата „Медиумско огледало“ се реализира со финансиска поддршка од Фондацијата Отворено општество - Македонија

## 1. Вовед и методологија

НВО Инфоцентарот, со финансиска поддршка на Фондацијата отворено општество Македонија (ФООМ), во рамките на програмата „Медиумско огледало“, спроведува мониторинг на информирањето на медиумите за теми и настани поврзани со слободата на медиумите и слободата на изразување.

Овој извештај се однесува на периодот 1 јануари – 6 февруари 2013 година и ги опфаќа следниве медиуми: седум дневни весници („Утрински весник“, „Дневник“, „Вест“, „Вечер“, „Нова Македонија“, „Фокус“ и „Ден“), централните информативни емисии на седум телевизии со национална и сателитска концесија („24 Вести“, „Канал 5“, „Сител“, „Телма“, „МРТ1“, „Алфа“ и „АлсатМ“) и шест интернет-портали („Плусинфо“, „Либертас“, „А1.он“, „Скај.мк“, „МКД.мк“ и „Курир“).

Динамиката на набљудување се одвиваше секојдневно, односно во зависност од настаните и темите поврзани со слободата на медиумите и слободата на изразување. Мониторингот применува содржинска анализа на објавените новинарски текстови и прилози во медиумите.

## 2. Клучни наоди

Настаните во текот на јануари и почетокот на февруари 2013 година, поврзани со медиумската сцена во Република Македонија, како и анализата на содржините објавени во медиумите за овие случувања, недвосмислено покажуваат натамошно драматично влошување на состојбата со слободата на медиумите и слободата на изразување во државава.

- **Притисоци, закани и хајки против критичките медиуми и новинари**

Видот, обемот и зачестеноста на случувањата во овој краток период укажуваат на тоа дека: медиумите и новинарите кои имаат критички однос спрема власта се наоѓаат под постојан притисок, цензурата се засилува, а самоцензурата станува секојдневна практика. Критичките медиуми згаснуваат, редакциите „преку ноќ“ се принудени да укинуваат емисии и кадровски да се „засилуваат“ со новинари од провладини медиуми, сопствениците, уредниците и новинарите се притиснати со тужби и барања за големи отштети од страна на државните функционери, а некои новинари и редакции трпат закани и мораат јавно да се извинуваат или, пак, да повлечат определни содржини што веќе ги објавиле.

Од друга страна, пак, провладините медиуми, кои доминираат особено меѓу телевизиите и дневните весници, но ги има и меѓу порталите, се однесуваат како продолжена рака на власта и водат постојана хајка против своите колеги од критичките медиуми. Тие објавуваат дискриминирачки листи на наводни „новинари-хомосексуалци“, пласираат текстови во кои новинарите ги третираат како платеници, обвинуваат дека работат за СДСМ и одат дотаму што за лошата состојба со слободата на медиумите, детектирана и од меѓународната организација „Репортери без граници“, ја обинуваат исклучиво „Соросовата фондација и новинарите што таа ги финансира“.

Треба да се забележи и тоа дека ниту еден претставник од власта не ги коментираше наодите на „Репортери без граници“, а премиерот Никола Груевски, на пратеничко прашање за извештајот, рече дека ќе одговори писмено. До објавувањето

на оваа анализа, на јавноста не ѝ е познато дали премиерот одговори и кој е ставот на Владата за извештајот на „Репортери без граници“.

- **Провладините медиуми – игнорираат настани и манипулираат со информациите**

Покрај континуираните напади врз критичките медиуми и новинари, анализата покажува дека провладините медиуми не ги почитуваат професионалните стандарди во новинарството и целосно го нарушуваат правото на граѓаните да бидат информирани, односно да добијат навремени и базирани врз факти информации за општествено-политичките процеси и настани.

Провладините медиуми, многу малку или воопшто не објавуваат информации за настани и случувања кои не одат во прилог на власта. Извештајот на „Репортери без граници“ во кој Македонија бележи драматичен пад на слободата на медиумите, беше комплетно игнориран од повеќето провладини телевизии и весници. Оние кои сепак објавија некаква информација, тоа го направија сувопарно и без да ги спомнат причините поради кои Македонија се наоѓа на самото светско дно на слободата на медиумите. Манипулацијата со информациите не запре тука, туку, речиси една недела по објавувањето на извештајот, дел од провладините медиуми започнаа нова хајка, односно пласираа тврдења што се во спротивност со извештајот и со кои вината за лошата состојба со слободата на медиумите се префрла исклучиво врз Фондацијата отворено општество Македонија, а ги доведоа под прашање дури и угледот и релевантноста на меѓународната организација „Репортери без граници“. Провладиниот портал „Курир“, на пример, објави текст во кој единствен извор е една веб-страница од Венецуела и ги обвини „Репортери без граници“ за манипулација и измама. „Курир“ користише и други, но неименувани извори – „светски медиуми“ и „други светски медиуми“.

Манипулацијата со информации и двојниот аршин што го применуваат провладините медиуми се манифестира и во други форми. Овие медиуми селективно се осврнуваат на определени настани, како на пример, на анкетата на весникот „Вест“: „Која водителка без гаќи пред Груевски?“ За нив оваа анкета е сексистичка и дискриминирачка во однос на жените и нивните права, додека целосно „заборавија“ да се осврнат на листата на „новинари-хомосексуалци“ објавена во “Вечер“, во истиот период, која е дискриминирачка во однос на хомосексуалците и нивните права, и повикува на своевиден линч преку јавно етикетирање. Ваквиот приод отвара дилема, дали овие медиуми навистина се грижат за човековите права или, пак, станува збор за нивна селективна дневно политичка (зло)употреба само кога треба да се заштити „ликот и делото“ на власта, нејзините претставници и нејзините поддржувачи.

Анализата на содржините објавени во медиумите покажа дека Македонската радиотелевизија, во овој период и на овие теми, не се однесуваше како јавен сервис на граѓаните, туку како провладин медиум. МРТ наместо професионално и непристрасно да ги информира граѓаните за сите значајни настани и процеси, таа во своите централни вести на МРТ1 не објави речиси никаква информација за настаните што се случија во мониторираниот период, а директно се однесуваат на слободата на медиумите и слободата на изразување.

- **Критичките портали ја разбиваат информативната блокада**

Информативната блокада која владее во македонскиот медиумски простор, а која ја создаваат власта и провладините медиуми, единствени кои се обидуваат да ја пробијат се, пред сѐ, критичките интернет-портали и многу мал дел од традиционалните медиуми.

Кај нив се забележуваат многу теми и настани игнорирани од провладините медиуми. Во оваа фаза на мониторингот не беше направена длабинска анализа на квалитетот на пласираните информации, но она што може да се констатира е настојувањето на овие медиуми да го остварат правото на граѓаните да бидат навремено информирани за сите значајни настани и процеси во општеството.

- **Мониторинг на Законот за навреда и клевета**

Актуелните настани од почетокот на 2013 година – тужбите на државните функционери против медиумите и новинарите, заканите за тужби, барањата за извинување и повлекување определени содржини објавени во медиумите, изјавите на новинарите и на уредниците дека поради стравот од тужби и поради недовербата во судовите се засилува не само цензурата, туку и самоцензурата – ја наметнаа дилемата во јавноста, дали новиот Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета ќе донесе повеќе слобода во изразувањето или дополнително ќе ја засили цензурата и автоцензурата, до ниво на понижување на новинарите?

Имајќи го предвид ова, како неминовност се појавува потребата од постојан длабински мониторинг на спроведувањето на овој закон, и тоа на сите нивоа и на сите инволвирани/засегнати актери.

**3. Настани (јануари - февруари 2013) – слобода на медиумите и слобода на изразување**

Во периодот на мониторингот беа регистрирани серија настани директно поврзани со слободата на медиумите и слободата на изразување:

- Телевизија „Алфа“, за време на Божиќните празници, доби нов сопственик и тоа претставуваше покритие за суштински промени во изгледот на програмата, уредувањето, но и во кадровската екипираност на телевизијата. Речиси преку ноќ беа укинати политичко-дебатните емисии („Вин вин“ и „Збор по збор“). Неколку новинари, познати по својата професионалност, но и по критичко опсервирање на владините политики, како и на општествено-политичките процеси во целина, беа симнати од програмата. Како замена за нив, медиумите најавија трансфер на млади, неискусни новинари од провладините „Сител“, „Вечер“, „Дневник“, МРТ.

- Дневниот весник „Фокус“, кој има критички однос спрема власта, во првата половина на јануари 2013 година, доби тужба од директорот на Управата за безбедност и контраразузнавање, Сашо Мијалков. Поради објавени текстови кои, според Мијалков, му наштетиле на неговите чест и углед, тој од медиумот побара отштета од дури 27.000 евра. Причина за тужбата е текстот објавен на 3 јануари 2013 година со наслов „Избегав поради притисокот од Сашо Мијалков“ и продолжението од наредниот ден со наслов „Амбасадата во Чешка под закана за бомби, МНР не мрда со прст“, а се однесуваат на сведочењето на поранешниот

амбасадор на Македонија во Чешка, Игор Илиевски, дека се откажал од својата функција поради притисоците на директорот на УБК. Мијалков поднесе тужба и до амбасадорот Илиевски. Иститот ден, амбасадорот Илиевски, најави тужба против Мијалков, со барање за отштета во висина од 2.700.000 евра.

- На 30 јануари 2013 година, меѓународната организација „Репортери без граници" го објави својот најнов извештај/индекс за слободата на медиумите во светот[1]. Македонија се најде на 116. место од вкупно 176 држави, односно забележа пад од 22 места во однос на претходната година, или цели 83 места во последните три години. Според „Репортери без граници", причините за ваквиот пад на слободата на медиумите во Македонија се: судските злоупотреби врз основа на неадекватно законодавство, недостигот на пристап до јавните информации, физичкото и психолошкото насилство врз оние кои работат на вестите и информациите, употребата на јавните и приватните маркетиншки пазари како алатки, контролата на „сивата" економија врз клучни делови од медиумите. „*Следејќи ги опасните примери на Италија и Унгарија, македонскиот парламент се подготвува 'да ја легализира цензурата', во континуитет играјќи 'топло-ладно' кон професијата која е препуштена сама на себе*", се наведува во извештајот на оваа меѓународна организација.

- Уредничката на „Утрински весник", Соња Крамарска, на писмено барање на претседателот на Собранието, Трајко Вељаноски, на 31 јануари 2013 година, јавно, на насловната страница, му се извини на првиот парламентарец за објавениот текст, односно наслов и поднаслов посветени на соопштението на Институтот за демократија „Социетас Цивилис" (ИДСЦС): *„Анкетарите затропаа кај Вељаноски*" и „*Агенцијата за испитување на јавното мислење, која ја спроведе анкетата за Парламентот, обвинува за манипулација со резултатите*". Според Вељаноски, во поднасловот била изнесена груба дезинформација и клевета и со тоа му била нанесена штета на угледот и честа на Собранието и нему како претседател на Собранието. Оттаму, Вељаноски побара од Крамарска извинување, а во спротивно најави поведување судска постапка.

  Повод за соопштението на ИДСЦС, објавено на 29 јануари 2013 година, пак, беше анкетата спроведена за потребите на Собранието на Република Македонија и финансиски поддржана од Фондацијата за демократија Вестминстер[2], која предизвика големо внимание во јавноста, затоа што тврдеше дека „*повеќе од 70 отсто од испитаниците ја поддржуваат можноста да се отстранат пратениците ако не го почитуваат редот во Парламентот*" (29.01.2013, "Плусинфо").

  Во соопштението, ИДСЦС истакна дека пред почетокот на традиционалното истражување, на барање на Собранието, а со согласност на финансиерот, биле додадени две дополнителни прашања („Ако пратениците не го почитуваат редот во Собранието, дали да се отстранат?" и „Дали да се почитува редот и покрај заострените односи?"), кои биле методолошки и содржински проблематични и кои

[1] http://fr.rsf.org/IMG/pdf/classement_2013_gb-bd.pdf
[2] http://www.idscs.org.mk/index.php?option=com_content&view=category&layout=blog&id=36&Itemid=89%20&lang=mk

требало да бидат само за интерна употреба на Собранието, а нивната презентација во јавноста да биде дополнително договорена. Бидејќи Собранието не го испочитувало џентлменскиот договор, ИДСЦС реагираше со соопштение за јавноста.

- Јавното извинување на Крамарска предизвика лавина негодувања во јавноста, особено меѓу новинарите. Членовите на Самостојниот синдикат на новинарите и медиумските работници, како реакција на постојаниот притисок кој се врши врз нив од страна на власта и на барањата за извинувања кои зачестија во последниот период, тргнаа во акција и на 4 февруари 2013 година доставија писмени иронично-предупредувачки извинувања до премиерот Никола Груевски и претседателот на Собранието, Трајко Вељаноски. Од Синдикатот истакнаа дека сите новинари образецот за извинување во кој бараат „*прошка затоа што својата работа не ја извршуваат според потребите на политичарите*“, можат да го најдат на интернет- страницата на Синдикатот. Образецот остава можност секој новинар дополнително да допише за што смета дека треба однапред да ѝ се извини на власта. На оваа иронична, но предупредувачка акција на новинарите, наместо да одговорат спикерот Вељаноски и премиерот Груевски, одговори владејачката партија ВМРО-ДПМНЕ. Оваа партија ги поистовети новинарите со политичарите и им порача да излезат на избори.

- На 31 јануари 2013 година, весникот „Вест“, познат по својата таблоидна содржина, објави анкета „Која водителка без гаќи пред Груевски?“ Во анкетата беа предложени десетина македонски водителки и новинарки, а читателите беа поканети да гласаат за една од нив. Инаку, оваа анкета беше инспирирана од неодамнешното видео на српскиот премиер Дачиќ, во кое тој, без да знае дека станува збор за емисијата „Скриена камера – Невозможна мисија“ и дека е жртва на лажно интервју, разговараше со водителка / манекенка која нема долна облека.
  Анкетата многу брзо беше прекината, поради, како што информираше редакцијата на „Вест“, притисоци од „различни страни“. Уредникот Горан Михајловски изјави: „*Притисоците доаѓаат од надвор. Во услови на вакво судство и вакви закони, како и во ваква констелација на односи во општеството, ние решивме да ја заштитиме редакцијата*“. Здружението на новинари (ЗНМ) побара јавно да бидат обелоднети имињата на оние кои извршиле притисок, а сопственикот на весникот, Медиа принт Македонија (МПМ), соопшти дека не врши притисок врз уредувачката политика на своите изданија.
  Иако „Вест“ не ја посочи Владата дека извршила притисок врз весникот, сепак, од таму пристигна соопштение со кое Владата тврди дека не извршила притисок и побара: „*Доколку редакцијата на ’Вест‘ има некаква информација дека некој поединец од владините институции вршел притисок да се повлече оваа тема, инсистираме јавно да го објави, за да ако евентуално постои таков поединец од владините институции, а ние не знаеме, тој да понесе соодветна одговорност*“.

- Во анкетата на „Вест“ меѓу десетте новинарки и водителки се најде и уредничката на провладиниот весник „Вечер“, Ивона Талевска. Таа побарала од „Вест“ да ја тргнат од анкетата и најавила дека ќе го тужи весникот. Непосредно по

објавувањето на анкетата во „Вест“, „Вечер“ објави листа на наводни „новинари-хомосексуалци“, проследена со фотографија на тројца новинари меѓу кои уредникот на „Вест“, Горан Михајловски, и уредникот на порталот “Либертас“, Ацо Кабранов. Овој весник најави дека станува збор за отворена листа која читателите можат да ја дополнат со новинари за кои знаат дека се хомосексулаци, па дури и да ги пренесат искуствата со нив.

На објавувањето на оваа листа, како и на објавувањето на анкетата во „Вест“ реагираше ЗНМ. Здружението на новинарите ја осуди „*дискредитацијата на новинарите по полова припадност и сексуална ориентација*“. Веднаш по реакцијата на ЗНМ, новинарот на „Вест“, Мишко Иванов, поднесе неотповиклива оставка од Управниот одбор на ЗНМ, со образложение дека не може да биде „*нем сведок на бледите и бестематски соопштенија кои ги издава ЗНМ*“.

На листата на „Вечер“ реагираа со свои соопштенија Хелсиншкиот комитет за човекови права и ЛГБТ-центарот, како и Коалицијата за сексуални и здравствени права на маргинализираните заедници. Тие ја осудија континуираната дискриминаторска и хомофобична кампања на „Вечер“, побараа реакција од Комисијата за заштита од дискриминација и ги повикаа „*Владата и Собранието на Република Македонија конечно да ја препознаат потребата од вклучување на сексуалната ориентација и родовиот идентитет како основи за говор на омраза и злосторства во Кривичниот Законик на Република Македонија, што би претставувало почеток на остварувањето на принципот на почитување на различностите, кој треба да претставува еден од основните принципи на една демократска држава*“.

- На крајот на јануари 2013 година престана да излегува дневниот весник „Ден“, кој имаше критички однос спрема власта. Причините за згаснувањето на овој медиум се најверојатно од финансиска природа.

## 4. Анализа на медиумското покривање на настаните

- **Телевизија „Алфа“**

За сопственичките, програмските, уредничките и кадровските измени во телевизија „Алфа“, најмногу информираа информативните портали со критички однос спрема власта и весникот „Фокус“. Порталите уште на самиот почеток на годината објавија информации дека нов уредник во телевизијата ќе биде Коле Чашуле, а во пресрет на Божиќните празници детално информираа за укинувањето на емисиите, симнувањето на новинарите кои имаат критички однос спрема власта од програмата и доаѓањето на млади непознати новинари од провладините медиуми. Ваквите промени, порталите ги нарекоа „блицкриг“.

Весникот „Фокус“ објави текст во кој новонастанатите промени во телевизија „Алфа“ ги доведе во непосредна врска со одлуката на Апелацискиот суд да ја поништи пресудата со која беше поништена приватизацијата на „Фершпед“ (основач и доскорешен сопственик на ТВ „Алфа“, *з.а.*). Весникот објави дека судиите кои ја донеле оваа одлука се унапредени на повисоки позиции и констатира: „*Со ваквата пресуда се потврдија шпекулациите дека Штерјо Наков ја трампал ’Алфа‘ само за*

*да го задржи 'Фершпед', а преземањето од новите газди било извршено откако била добиена пресудата на Апелација"* (09.01.2013, „Фокус").

Во „Фокус" беше објавен и коментар за состојбата со новинарството, за згаснувањето на медиумите и поделеноста меѓу новинарите: „*И додека секојдневно од ТВ екраните ги снемува личностите кои беа подготвени да одат таму каде што владее тишината и ги кршеа бариерите на диктатурата, додека власта прави списоци кој каде ќе работи, а кој ќе остане без егзистенција, а сите останати молчиме, додека критичката мисла замира, повеќе од потребно е да се обединат сите што се согласуваат со мислата дека „Новинарството, меѓу другото, е и објавување нешто со кое власта нема да се согласува, а сето останато е маркетинг!". Ајде да се преброиме пред да ни ја закопаат професијата"* (08.01.2013, „Фокус").

Провладините медиуми многу малку или воопшто не информираа за промените во телевизија „Алфа". Дневникот весник „Нова Македонија" објави коментар на својот уредник кој ја отфрла можноста владејачката структура да има влијание врз промените во телевизијата: „*Имам делумно разбирање за новите сопственици на ТВ 'Алфа'. Ако рејтингот на гледаност на нејзините програми навистина е толку низок, како што покажуваат бројките на АГБ Нилсен, тие имаат целосно право да ја менуваат програмската шема, да укинуваат емисии и да менуваат новинари"*, и продолжува: „*Какво влијание има ТВ 'Алфа' врз јавноста? Ако ВМРО-ДПМНЕ го гази СДСМ со 2:1, зошто тогаш некој во власта би имал потреба од чистка? Згора на тоа - чистка на новинари или медиумски работници, чија партиско-политичка определба е недвојбена, со оглед на функциите што ги имале за време на владеењето на СДСМ... Каков е тој политички садизам на владејачката ВМРО-ДПМНЕ и бизнисмените блиски до неа, да ја уништуваат легитимната критичка мисла на новинарите што се јасно партиски поврзани со СДСМ или со друга партија од опозицијата и тоа никогаш не го криеле, туку се гордееле со тој факт. Знае ли новиот газда на ТВ 'Алфа' оти сите тие можат да го тужат зашто ги дискриминира на партиска основа? Кој ќе го плати цехот? Власта?*" (11.01.2013, „Нова Македонија")

- **Тужба на Сашо Мијалков за „Фокус"**

За тужбите на директорот на Управата за безбедност и контраразузнавање, Сашо Мијалков, против весникот „Фокус" и амбасадорот Илиевски информираа речиси сите медиуми вклучени во оваа анализа. Оваа тема е меѓу ретките за која медиумите без разлика дали се провладини или, пак, имаат критички однос спрема власта објавија информација и ги пренесоа тврдењата на адвокатската канцеларија дека: „*Тужената Јадранка Костова, како главен и одговорен уредник, и правното лице Друштво за новинско издавачка дејност ФОКУС ПРЕС ДОО Скопје без да ги проверат наводите дозволиле да се објават клевети и навреди кон нашиот клиент Сашо Мијалков".*

Но она што оваа анализа го забележа е дека за разлика од тужбата на Мијалков, која имаше забележително место во провладините медиуми, контратужбата на амбасадорот Илиевски против Мијалков главно беше премолчана.

Весникот „Фокус" ја објави веста за тужбата на Мијалков со коментарот дека „*шефот на УБК ќе го сефтоса новиот Закон за клевета*" (12/13.01.2013, „Фокус").

- **Извештај на „Репортери без граници“**

Порталите (со исклучок на „Курир“) вклучени во овој мониторинг информираа за содржината на извештајот на „Репортери без граници“. Истакнувајќи дека Македонија заслужено се наоѓа на поразителното 116. место, тие пренесуваа делови од Извештајот во кој, меѓудругото, се вели: „*Албанија, Црна Гора и особено Македонија ја покажуваат тажната слика на медиумите на Балканот: Судско злоставување најчесто базирано на несоодветна законска легислатива, немање пристап до информации од јавен карактер, физичко и психичко насилство врз медиумските работници... Сите пречки се поврзани со правото да се известува и со правото на луѓето да знаат. Следејќи ги опасните примери на Унгарија и Италија, македонскиот парламент се подготвува да ја „легализира цензурата“, продолжувајќи да игра топло-ладно кон професијата која најчесто е препуштена сама на себе“, пишува во последниот извештај на „Репортери без граници*“ („Плусинфо“, 30.01.2103).

Порталите ја пренесоа и реакцијата на Здружението на новинари (ЗНМ), како и изјавата на претседателот на ЗНМ, Насер Селмани: „*Крајно време е владините институции, но и политичките партии и јавноста да се соочат со фактот дека слободата на медиумите во Македонија е сериозно загрозена и не може да се надмине без суштинска промена на односот кон работата на медиумите и на новинарите. Потребна е силна политичка волја да се ослободи просторот медиумите да можат да ја остварат мисијата што ја имаат во секое демократско општество како ʼwatchdog‘ и како отворена платформа за дебата за прашања од јавен интерес*“ („Скај.мк“, 301.01.2013).

На некои портали, внимание им привлече и информацијата на државната МИА (Македонската информативна агенција) за овој извештај, според која, „*состојбата со медиумите е во вообичаени рамки*“. Порталите „Либертас“ и „А1.он“ забележаа дека МИА „*се осврнува само на генералните оценки на Репортери без граници за состојбата со слободата на медиумите во светот, а за Македонија одвојува само еден пасус*“, во кој се констатира рангирањето на Македонија и падот за 22 места. Но, МИА, заклучија порталите, притоа не го објави објаснувањето на „Репортери без граници“ зошто Македонија се наоѓа на оваа позиција.

Едновремено, порталите ја објавија и информацијата за тоа дека, на прашањето на пратеникот Изет Зекири, како го коментира извештајот на „Репортери без граници“ и драматичниот пад на Македонија во однос на слободата на медиумите, премиерот Груевски одбил да одговори усно и најавил писмен одговор, а го пренесоа и коментарот на еврокомесарот Штефан Филе, објавен на неговиот Твитер, дека: „*слободата на медиумите е се уште голем предизвик за нашите земји-партнери, таа мора да се подобри и да се почитува, бидејќи е една од основните вредности на ЕУ*“. Исто така, порталите објавија дека во централните вести на МРТ1 и на „Сител“, немало „*ни збор за Извештајот*“.

Анализата на прилозите објавени во централните информативни емисии на телевизиите покажа дека провладините МРТ1, „Сител“ и „Канал 5“ не објавија информација за извештајот на „Репортери без граници“. Единствено „Телма“, „24 Вести“ и „Алфа“ информираа за содржината на овој меѓународен документ. Телевизија „Алфа“ објави само прилог во кој беше содржана информацијата за извештајот и реакцијата на ЗНМ, додека телевизија „Телма“, покрај ова, објави и прилог во кој

информираше за пратеничкото прашање на Зекири до премиерот Груевски, и за коментарот на Зекири откако доби одговор дека Премиерот ќе одговори писмено: *„Имам сериозна забелешка... како премиер на земјава два збора да не кажете за позицијата на Република Македонија за слободата на медиумите. И да ми кажете дека ќе ми одговорите писмено. Ова е неприфатливо. Вие, како премиер, требаше два збора да ми одговорите. Видете што велат медиумите... Треба да го следите ова, вели: 'Парламентот на Македонија подготвува легализација на цензурата. Владата и партиите ги третираат медиумите како средство за манипулација...*' (30.01.2013, „Телма"). Телевизија „24 Вести", покрај содржината на извештајот и реакцијата на ЗНМ, ги објави ставовите на неколку медиумски експерти, како и изјавата на претседателката на Синдикатот на новинарите, Тамара Чаусидис*: „Се соочуваме со една многу сериозна тенденција за убивање на новинарството сфатено во онаа негова суштинска смисла да биде критичар на општествените процеси. Тоа убивање се врши на разни начини, преку укинување на лиценци, преку закани за тужби, преку лесни откази*" (30.01.2103, 24 Вести).

Анализата на дневните весници покажа дека, ден по објавувањето на извештајот, провладиниот „Вечер" не објави никаква информација за неговата содржина. Останатите весници, предмет на оваа анализа, не го игнорираа извештајот. Во „Дневник", на 31.01.2103 година, беше објавена кратка информација за извештајот и содржината на реакцијата на ЗНМ, но не беше содржано образложението, односно причините поради кои „Репортери без граници" ја рангираат Македонија на 116. место и констатираат драматичен пад на слободата на медиумите. Весниците „Утрински весник", „Нова Македонија" и „Вест", исто така, објавија информација за извештајот и за реакцијата на ЗНМ, но во нив беше содржано и образложението на „Репортери без граници" зошто е констатирана лоша состојба со медиумите во државава. Весникот „Фокус", покрај информацијата за извештајот, објави и краток коментар, во кој меѓудругото се вели: *„Јас не мислам дека за ова е одговорен само Груевски. Мислам дека поголема одговорност сносат токму новинарите кои се колаборационисти на оваа власт и кои постојано нешто се оградуваат и се обидуваат да ја задушат секоја форма на отпор на новинарите и борбата за слобода на изразувањето. Нека се засрамат и нека знаат дека ќе сведочиме за нивното предавство на честа на оваа професија!"*

Во деновите што следеа, критичките портали и традиционални медиуми продолжија да информираат за одгласите поврзани со извештајот. „Фокус" објави интервју со главниот претставник на "Репортери без граници", Оливе Базил, кој, меѓу другото, истакна дека во Македонија стравот е поголем дури и од оној во Куба, дека дури 75 проценти од рекламите во медиумите се на Владата и дека *„тоа не може да го прави земја која претендира да стане членка на Европската унија. Сето тоа ми личи на многу добро организирана мрежа чија единствена цел е да внесе страв кај новинарите и со тоа да донесе самоцензура. И сето тоа успева, бидејќи новинарите се плашат за својата егзистенција*" (01.02.2013, „Фокус"). Овие медиуми пренесоа и дел од ставовите на новинарите, медиумските граѓански организации, експерти и аналитичари според кои овој извештај само потврди дека во Македонија *„постои едноумие*", дека се *„инсталира квазиновинарство чиј 'патрон е Владата*"' и дека дури кога *„ќе го допреме дното... кога ќе удриме јако, ќе почнеме да правиме*

*некои промени*".[3] Дел од порталите ја пренесоа и анализата насловена како „Репортери без медиуми", во која авторот, меѓу другото, истакнува дека „Репортери без граници" ѝ „*удрија шлаканица на администрацијата на Баросо*", која во последниот Извештај на Европската комисија за напредокот на Македонија констатираше „*напредок во слободата на изразување*". За причините за констатираниот лош индекс на слободата на медиуми и за причините зошто Владата и Европската унија тврдат поинаку, во анализата се вели: „*Тоа што ЕК не го гледа – другите го гледаат, а тоа што ЕК не го мери – другите го мерат. Падот што е забележан последните четири години е забрзан постојан тренд без никакви шанси за негово враќање*".[4]

- **Медиумска хајка против ФООМ и „Репортери без граници"**

Безмалку една недела по објавувањето на извештајот на „Репортери без граници" и неговото речиси целосно игнорирање, дел од провладините медиуми објавија прилози поврзани со оваа тема. Но нивната цел не беше да информираат, туку да ја манипулираат јавноста. Телевизија „Сител" и порталот „Курир", на пример, започнаа медиумска хајка, односно пласираа тврдења што се во целосна спротивност со извештајот и со кои вината за лошата состојба со слободата на медиумите ја префрлија исклучиво врз „Соросовата фондација и новинарите што таа ги финансира", а го доведоа под прашање и легитимитетот на меѓународната организација „Репортери без граници". Телевизија „Сител" објави прилог „*Соросовите пари константно го контаминираат медиумскиот простор*" (05.02.2013, „Сител"), во кој фронтално се напаѓаат ФООМ, медиумите и новинарите со критички однос спрема власта: „*Додека медиумите финансирани до СОРОС се обидуваат во корист на СДСМ да создадат слика дека власта е единствениот виновник за очајната состојба, новинари држат говори на опозициските собири, глумат хостеси на партиски промоции и на крај на сè, седат во пратеничките клупи. 'Сител' во повеќе наврати информираше дека токму Соросовите пари константно го контаминираат медиумскиот простор во земјава, за што постојат бројни примери...*" Уште во најавата на прилогот, водителот, тврдејќи дека лидерот на СДСМ го контролира ЗНМ и Синдикатот на новинарите, констатира: „*Од друга страна фондацијата Сорос, која ја води негов долгогодишен функционер обезбедува пари за дваесетина сајтови, за десетина медиуми и педесетина новинари кои Сорос и СДСМ ги издржуваат за да ја тераат нивната политика*".

Следниот ден, нападите продолжија во иста насока, но овој пат со конфузна најава и прилог: „*Ако не ве финансира Сорос, не сте независен медиум*" (06.02.2103, „Сител"). Во овој прилог, покрај нападите врз ФООМ, беше наведена и конкретна листа на новинари и граѓански активисти кои беа обвинети дека не се независни, дека „*зборат на протестите на СДСМ*" и дека се „*секако финансирани од Сорос, од каде независните и објективни новинари прибираат пари за одработеното*".

Медиумската хајка доживеа своевидно крешчендо со тврдењето дека „*Репортери без граници е измама*" (06.02.2103, „Курир"), односно со обидот да се прикажат

[3] „Фокус", 02.02.2013.
[4] Оваа анализа беше пренесена од порталите, а првично беше објавена на порталот „Окно", http://okno.mk/node/25591

„Репортери без граници“ како организација која нема кредибилитет и углед во меѓународни рамки. Овој текст го проблематизираше финансирањето на организацијата, наведе дека меѓу приватните финансиери е и Џорџ Сорос и истакна дека „*светските медиуми пренесуваат дека 'Репортери без граници' не е организација за заштита на новинарството, туку организација за заштита на геополитичките интереси. Токму тоа политичко влијание се огледа во фактот што 'Репортери без Граници' ги ставија Путин, Лукашенко и уште неколку светски лидери на листата на, според нив, најлошите луѓе на планетава. Оваа листа е многу слична со листата на „непријатели“ на Француската или Американската влада*“.

На крајот, текстот завршува со констатацијата: „...*сликата за слободата на медимите во Македонија во најновиот извештај на 'Репортери без граници' ја креираат луѓе блиски до Владимир Милчин и Фондацијата отворено општество - Сорос, имајќи во предвид дека според праксата и во другите земји, организацијата ги создава извештаите врз основа и на бизнис цели, а токму Џорџ Сорос е еден од финансиерите. За поврзаноста на одредена група на новинари со политичките цели на опозицијата и ставањето во нивна функција говори и фактот што група на новинари, јавно застана зад политичката кампања на СДСМ појавувајќи се на протестите кои оваа партија ги организира*“.

Инаку „Курир“, во својот текст користи неименувани извори на информации – “светски медиуми“ и “други светски медиуми“, а единствен именуван извор е една веб-страница од Венецуела.

- **Соопштение на ИДСЦС**

Соопштението на Институтот за демократија (ИДСЦС) беше објавено само во централните вести на телевизиите „Телма“, „24 Вести“ и „Алфа“. Овие телевизии, покрај содржината на соопштението, ја објавија и изјавата на Марко Трошановски од ИДСЦС, дека прашањата кои се однесуваа на настаните од 24 декември 2012 година се методолошки и содржински проблематични *„и се однесуваат на политички чувствителен момент. Такви прашања е непрепорачливо да бидат објавени... Прашањата коишто беа тема на дискусија во јавноста беа погрешно интерпретирани од страна на повеќе чинители“* (29.01.2013, „Алфа“), а ја објавија и реакцијата од Кабинетот на претседателот на Собранието, Трајко Вељановски, кој смета дека „*немало никаква злоупотреба на резултатите од истражувањето туку дека се спори дали требало да се одржи брифинг или јавна презентација. Сметаме дека откако резултатите официјално беа доставени до Собранието на Република Македонија, истите можат и треба да бидат достапни и за јавноста. Начинот на презентирање на резултатите (брифинг или презентација) е од второстепено значење, а од примарно значење се резултатите. Факт е дека ставовите на одредена политичка партија се во голем расчекор со перцепцијата на граѓаните за случувањата во Собранието*“ (29.01.2013, „24 Вести“).

Телевизија „Телма“ ја објави и реакцијата на опозицискиот пратеник Јани Макрадули, дека анкетите во Македонија ВМРО ДПМНЕ ги користи за манипулација со граѓаните и дека оваа постапка „*покажува дека нема демократија во Собранието. Тоа што зборувавме ние и многу од порано е дека претседателот на Собранието заедно со Кабинетот ги манипулираат граѓаните во Македонија и дека бараат*

*чаре како да се извлечат од злоупотребата на службената должност и од кривичната одговорност којашто очигледно постои тука за кршење на Уставот, на законот и Деловникот на Собранието*“ (29.01.2013, „Телма“).

Провладиниот весник „Вечер“ не ја објави реакцијата на ИДСЦС. Во информациите објавени во „Дневник“ и „Нова Македонија“, акцентот беше ставен главно на тоа дека „*Мисев*[5] *и Вељановски различно ја толкуваат анкетата*“ (30.01.2013, „Дневник“), односно дека станува збор за „*преписка меѓу Собранието и Социетас Цивилис*“ (30.01.2013, НМ). „Фокус“, „Ден“ и „Утрински весник“, акцентот на своите информации го ставија на тоа дека „*Собранието ја злоупотребило анкетата на Институтот за демократија*“ (30.02.2013, „Ден“). Во истиот број, „Утрински весник“ објави и коментар во кој авторот пишува дека е „*обелоденет нов скандал*“ *и дека се „подметнати прашања за јавноста за оправдување на 'црниот понеделник*'“. Едновремено, коментаторот констатира: „*И сега како со вакви луѓе претседателот на државата, Ѓорге Иванов, ќе спроведува независна експертска истрага што се случило пред 24 декември, на 24 декември и по црниот понеделник. Кој уште може да верува дека тоа може да биде објективна истрага. Нека ми јави*“ (30.01.2013, УВ).

За речиси сите критички портали, содржината на соопштението на ИДСЦС претставува „*скандал*“ и “*злоупотреба на анкетата*“. „Мкд.мк“ ги објави реакциите на ИДСЦС и на Собранието, а во информацијата за соопштението на ИДСЦС констатира: „*Во дописот нема никаква забелешка тие два прашања да не бидат објавувани*“ (29.01.2013, „Мкд.мк“).

- **Извинување на уредничката на „Утрински весник“**

Порталите (на пример: „Плусинфо“ и „А1.он“), на 30 јануари 2013 година, први ја објавија информацијата за тоа дека на писмено барање на претседателот на Собранието, уредничката на “Утрински весник“, Соња Крамарска, на насловната страница на весникот (издание од 31 јануари, 2013), јавно му се извинила на Вељаноски поради објавениот текст со наслов „*Анкетарите затропаа кај Вељаноски*“ и поднаслов „*Агенцијата за испитување на јавното мислење, која ја спроведе анкетата за Парламентот, обвинува за манипулација со резултатите*“. Оваа информација потоа ја презедоа и останатите поратали. Според „Плусинфо“, Крамарска „*го изложи на потсмев претседателот на Собранието, Трајко Вељаноски, објавувајќи снисходливо јавно извинување, на насловната страница на весникот, на барање на парламентарниот спикер*“. Едновремено, информираше дека, според неофицијални информации, „*доставувачите на ова писмо денеска вршеле притисок Крамарска, по секоја цена, со потпис да потврди дека го прима писмото, по што таа видно се вознемирила. Уредничката, сепак, собрала сила, за да го напише и објави следното извинување: „Оттука ЈАВНО МУ СЕ ИЗВИНУВАМ на господинот Трајко Вељаноски... Исто така, ЈА ПОВЛЕКУВАМ КОНСТАТАЦИЈАТА дека Агенцијата обвинува за манипулација со резултатите*“. Овој портал, како и останатите критички поратали информираа за тоа дека ова извинување предизвикало лавина реакции во новинарската заедница и на социјалните мрежи и дека е тоа „*уште еден доказ под какви скандалозни притисоци се наоѓа македонското новинарство денес и најдиректна потврда на извештајот на меѓународната организација*

[5] Владимир Мисев, директор на ИДСЦС

*Репортери без граници, кој констатира нов пад на медиумските слободи во Македонија во 2012 година*".

Информацијата за јавното извинување на Крамарска, освен на насловната страница на матичниот весник, беше објавена и во „Фокус", додека во другите весници беше премолчана. „Нова Македонија" се јави само со коментар на уредникот, според кого извинувањето било „*срамно и понижувачко*" и дека „*за жал, вистината е прозаична, лукративна. Наместо новинарското достоинство и соочувањето со тужба, која може да ја сруши и полуписмен судија, главната уредничка на 'Утрински весник', нудејќи му појас за спасување на дезориентираниот собраниски спикер, решила да ја зачува и својата фотеља под притисок дека доколку не му се извини на Вељановски, мора да си замине од функцијата. Под чиј притисок? Ќе каже МПМ во соопштение*" (02.02.2013, НМ). На овој коментар стигна контракоментар од „Утрински весник"[6], во кој, меѓу другото, пишува: „*Јас не прочитав ништо во 'Нова Македонија', ни збор осуда, ни од Жоро, ни од силните слободумни новинари за тоа што го направи Трајко Вељаноски на 24 декември*", како и „*...мене ми е смачено, а верувам и на голем дел од јавноста, од новинари и уредници кои проповедаат дека треба да се има мозок со мадиња и храброст да се фали власта, а да се критикува опозицијата, да се сатанизираат луѓето кои критички ја опсервираат власта. Кукавички и срамно е да се воспева лошото владеење и да се изедначува одговорноста на власта и на опозицијата*" (05.02.2013, УВ).

„Телма" и „24 Вести'" информираа за изнуденото извинување на уредничката на „Утрински весник", додека останатите телевизии го одмолчаа овој настан.

- **Јавно извинување на новинарите**

Јавното извинување на Крамарска предизвика лавина негодувања во јавноста, особено меѓу новинарите. На инцијатива на Самостојниот синдикат на новинари и медиумски работници, новинарите од критичките медиуми, како реакција на постојаниот притисок кој се врши врз нив од страна на власта и на барањата за извинувања кои зачестија во последниот период, тргнаа во масовна акција и доставија писмени извинувања до премиерот Никола Груевски и претседателот на Собранието, Трајко Вељаноски. Оваа протестна, иронична и предупредувачка акција на новинарите ја проследија само порталите, весниците „Фокус" и „Утрински весник" и телевизиите „Телма" и „24 Вести". Овие медиуми ја пренесоа содржината на извинувањето до првиот парламентарец, во кое меѓу другото се вели: „*Согласно законските одредби, му се извинувам... Затоа што не ги манипулирал резултатите од анкетата за наводните инциденти на 24 декември 2012 во Собрането на РМ и истите ги повлекувам. И инцидентите, и резултатите; Затоа што не истражив кој му ја скршил WC шолјата на Дадар; Затоа што не го послушавме обезбедувањето на Собранието кое убаво не замоли да ја напуштиме ложата; Затоа што во Собранието нема маникир за ноктите на пратениците*".

Во извинувањето до премиерот и министрите, пак, се вели: „*Согласно законските одредби, им се извинувам...: За секое ненарачано и нетематско прашање што би можел/а да го поставам на тематска прес-конференција; Затоа што доаѓам навреме на прес-конференциите; Затоа што Македонија падна на најниско ниво*

[6] Коментарот не е на уредничката Крамарска, туку на Ерол Ризаов

*според медиумските слободи и лично ќе се вложам Македонија да се повлече од какви било листи на мерење на слободата на печатот; И за сите други анкети за кои сум известувал или ненамерно би можел/а да известам, а во кои Македонија не е во позитивен контекст; За секое сторено и идно прегрешение, волно и неволно...*"

Медиумите кои ја следеа акцијата на новинарите, информираа дека на протестните предупредувачки извинувања, наместо да реагираат Вељаноски, премиерот и министрите, изреагира владејачката партија ВМРО-ДПМНЕ. „Телма" информираше: *„Тие (*новинарите, *з.а.*) *според ВМРО-ДПМНЕ покажаа опседнатост со политиките на Бранко Црвенковски. ВМРО-ДПМНЕ ги поздравува оние на кои политиката им е подрага од новинарската професија и им порачува да соберат потписи за формирање на политичка партија со која ќе настапат на избори за да си го видат својот личен углед и авторитетот меѓу народот, се вели во соопштението од ВМРО-ДПМНЕ*" (04.02.2013, „Телма"). Медиумите ја објавија реакцијата на претседателката на Синдикатот на новинарите, Тамара Чаусидис, на соопштението на ВМРО-ДПМНЕ: *„Јас се извинувам што не ми е јасно од соопштението дали треба да формираме партија или веќе сме дел од партија. Освен тоа, ние сметавме дека се обраќаме до државни институции, воопшто не претпоставувајќи дека за тие институции надлежна да реагира е партијата. Еве и за тоа длабоко се извинуваме. И за крај, се извинуваме и поради тоа што се доби впечаток дека соопштението на ВМРО-ДПМНЕ е пишувано со доза на бес, а сметавме дека можат да реагираат и подобро од тоа..."* (06.02.2103, „Фокус").

Дел од порталите објавија информации и за дополнителни, индивидуални ironични извинувања на новинарите до власта, пласирани на нивните Фејсбук-профили и други форуми.

- **Анкета во „Вест" и листа на „Вечер"**

На 31 јануари 2013 година, весникот „Вест", познат по својата таблоидна содржина, објави анкета „Која водителка без гаќи пред Груевски?". Во анкетата беа предложени девет македонски водителки и новинарки, а читателите беа поканети да гласаат за една од нив.

Набрзо по објавувањето, „Вест" ја повлече анкетата. Уредникот Горан Михајловски изјави: „*Притисоците доаѓаат од надвор. Во услови на вакво судство и вакви закони, како и во ваква констелација на односи во општеството, ние решивме да ја заштитиме редакцијата*" (31.01.2013, „24 Вести"). Медиумите ја објавија реакцијата на Здружението на новинари, со која ЗНМ побара јавно да бидат обелоденети имињата на оние кои извршиле притисок, а го објавија и соопштението на сопственикот на весникот, Медиа принт Македонија (МПМ), дека не врши притисок врз уредувачката политика на своите изданија. Иако „Вест" не ја посочи Владата дека извршила притисок, сепак, од таму пристигна соопштение со кое Владата тврдеше дека не правела притисок и побара: „*Доколку редакцијата на „Вест" има некаква информација дека некој поединец од владините институции вршел притисок да се повлече оваа тема, инсистираме јавно да го објав, за да ако евентуално постои таков поединец од владините институции, а ние не знаеме, тој да понесе соодветна одговорност*" (31.01.2013, „Либертас").

За овој настан, покрај засегнатиот „Вест", информираа речиси сите мониторирани медиуми. Критичките медиуми, пред сè порталите, покрај информациите за

случувањата околку анкетата, која некои од нив ја сметаа за духовита, но не и сексистичка, беа фокусирани на откривање на причините зошто таа беше повлечена, кој сѐ правел притисок за нејзино прекинување, а објавија и изјави на некои од предложените водителки кои немаа ништо против нивнито вклучување во анкетата.

Провладините медиуми, пак, беа поселективни во информациите, а телевизија „Сител“ се осврна на тоа дека анкетата е дискриминирачка во однос на жените и притоа објави изјави само на политичарки од владејачката коалиција, кои остро ја осудија анкетата.

Во анкетата на „Вест“, меѓу деветте новинарки и водителки се најде и уредничката на провладиниот весник „Вечер“, Ивона Талевска. Според телевизија „Алфа“, уште пред да биде анкетата прекината, Талевска била повлечена од неа, затоа што *„водителката поднела тужба против весникот и лично преку телефон побарала да биде отстранета од листата за гласање*“ (31.01.2013, „Алфа“).

Непосредно по објавувањето на анкетата во „Вест“ и реакцијата на Талевска, нејзиниот весник „Вечер“ објави непотпишан текст кој содржеше листа на наводни „новинари-хомосексуалци“, проследена со фотографија на тројца новинари меѓу кои уредникот на „Вест“, Горан Михајловски, и уредникот на порталот „Либертас“, Ацо Кабранов. Овој весник најави дека станува збор за отворена листа која читателите можат да ја дополнат со новинари за кои знаат дека се хомосексулаци, па дури и да ги пренесат искуствата со нив.

За поголемиот дел од критичките медиуми немаше дилема дека станува збор за своевиден реваншизам, и го осудија ваквото дискриминирачко и хомофобично однесување на весникот. Со реакција, овој пат и за анкетата на „Вест“ и за текстот во „Вечер“, се огласи Здружението на новинари кое ја осуди „*дискредитацијата на новинарите по полова припадност и сексуална ориентација*“. Оваа реакција на ЗНМ ја објавија речиси сите медиуми. Дел од критичките медиуми и новинари упатија остра критика на адреса на ЗНМ. Во весникот „Фокус“ беше објавен коментар насловен како „Се оградувам од Насер Селмани“, во кој авторот се огради од *„соопштението на Здружението на новинарите на Македонија, со кое подеднакво се осудува ’злоупотребата‘ на весниците ’Вест‘ и ’Вечер‘, за ’дискредитација на новинарите по полова припадност и по сексуална ориентација’*" и констатира дека на *„овој начин, ЗНМ се става на страната на насилниците и на терористите во македонските медиуми, ја поткопува солидарноста меѓу новинарите и го нарушува угледот на нашата професија*“ (02.02.2013, „Фокус“). И во прилогот на „24 Вести“ беше направена разлика меѓу текстот на „Вест“ и оној во „Вечер“, а претставникот од Хелсиншкиот комитет за човекови права појасни: *„Секако дека беше невкусна меѓутоа сметам дека ја нема истата конотација*“ (01.02.2103, „24 Вести“).

По реакцијата на ЗНМ, новинарот на „Вест“ Мишко Иванов поднесе неотповиклива оставка од Управниот одбор на ЗНМ, со образложение дека не може да биде „*нем сведок на бледите и бестематски соопштенија кои ги издава ЗНМ*“.

На листата на „Вечер“ реагираа со свои соопштенија Хелсиншкиот комитет за човекови права и ЛГБТ-центарот, како и Коалицијата за сексуални и здравствени права на маргинализираните заедници. Тие ја осудија континуираната дискриминаторска и хомофобична кампања на „Вечер“, побараа реакција од Комисијата за заштита од дискриминација и ги повикаа „*Владата и Собранието на Република Македонија конечно да ја препознаат потребата од вклучување на*

*сексуалната ориентација и родовиот идентитет како основи за говор на омраза и злосторства во Кривичниот Законик на Република Македонија, што би претставувало почеток на остварувањето на принципот на почитување на различностите, кој треба да претставува еден од основните принципи на една демократска држава*“.

Провладините медиуми не објавија речиси ништо поврзано со текстот во „Вечер“. Единствен исклучок кај некои беше објавувањето на реакцијата на ЗНМ (на пример: во „Канал 5“).

Останатите медиуми, покрај тоа што информираа за случувањата околу овој текст, објавија и неколку прилози кои критички се осврнаа врз новинарството во државата. Телевизија „Алфа“ објави прилог насловен како „*Симнати гаќи и хомосексуалци - новинарството залута*“ (31/01/2013, „Алфа“); „Фокус“, текстовите во „Вест и „Вечер“ ги нарече „*скандалозна пресметка*“ (02.02.2103, „Фокус“); за „24 Вести“, експертите истакнаа дека „*опасни и навредливи се анкетата на ’Вест‘ и насловната на ’Вечер’*“ (2.02.21013, „24 Вести“).

Порталите ја објавија и реакцијата на уредникот на „Либертас“, Ацо Кабранов, кој се најде на хомофобичната листа, кој нема да го тужи весникот и кој на авторите им се обрати со зборовите: *„Јас сакам слобода и ја почитувам и поддржувам слободата и изборот на живот на секого. Значи, драги мои таратајки, различни сме и тоа многу. Не би можел да живеам како вас, паралелен живот со лажен морал, да се кријам, да се плашам да не ме дознаат и слични нешта. Тој товар вие го имате, но тука не можам да ви помогнам*“ (01.02.2013, „Плусинфо“).

- **Згаснување на весникот „Ден“**

За згаснувањето на дневниот весник „Ден“, на 31 јануари 2013 година, освен порталите (“Плусинфо“, „Либертас“, “А1.он“, “Скај.мк“, “Мкд.мк“), не информираше речиси ниеден традиционален медиум. Според објавените информации, овој дневен весник престана да излегува поради финансиски причини, а новинарите на суд ќе ги бараат заостанатите плати.

- **Закон за навреда и клевета**

Во овој период на мониторинг, не беа регистрирани посебни новинарски прилози посветени на новиот Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета. Сепак, исклучително бројните и зачестени настани од сферата на медиумските слободи и слободата на изразување – тужбите против новинарите и медиумите (на пример: „Фокус“), најавите за тужба од државните функционери, барањето за јавно извинување од првиот парламентарец, јавното извинување на уредничката на „Утрински весник“ за објавена информација, протестно-предупредувачкото иронично извинување до властите од страна на новинарите, како и објавениот индекс на „Репортери без граници“ – го наметнаа прашањето за спроведувањето на Законот за клевета, како и дилемата дали тој е добар или, пак, негативно ќе влијае врз новинарството и слободата на изразување.

Провладините медиуми не се занимаваа со ова прашање, додека во некои од останатите медиуми тоа се наметна како неизбежно. Така, телевизијата „24 Вести“ ја постави дилемата: „*Законот за клевета и навреда ќе донесе повеќе слобода во изразувањето или дополнително ќе ја засили цензурата и автоцензурата, до ниво*

*на понижување на новинарите?*" (01.02.2103, „24 Вести"). За комуниколот Климе Бабунски, разочарувачки е ако е ова „*капацитетот на новиот закон, но гледа и светла страна. Овој начин, вели, веројатно е најевтиниот медиумите да ја зборуваат вистината, а потоа преку извинувањата да го покажуваат вистинскиот лик на тие што ги бараат*". Адвокатот Филип Медарски, експерт за медиумско право, го разбира стравот на новинарите од македонските судови, но смета дека доколку тие ја говорат вистината, нема од што да се плашат. Според него, „*новинарите во секој случај не треба да се извинуваат за она што го имаат изнесено со цел да избегнат евентуална постапка против нив, доколку се работи за проверени и точни информации, доколку е контактирана другата страна за соодветен одговор, тие не треба да се плашат да се соочат со другата страна пред граѓанскиот суд*". Медарски смета дека „*клучот сега е кај граѓанските судови, кои треба во процесите за клевета и навреда да ја применуваат праксата од Стразбур"*, но „*доколку граѓанските судови на некој начин ја продолжат праксата на кривичните судови кои што многу малку ја имаат праксата на судот во Стразбур при донесувањето на одлуките, во тој случај мислам дека би можеле да дојдеме до поинаков заклучок дека стегите околу новинарите со донесување на овој закон на извесен начин се затегнуваат*" (01.02.2103, „24 Вести").